# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XV БРОЈ 71 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈАНУАРИ/МАРТ 2026 ГОДИНА


Во овој број


Страница 2

СЕ ОДБЕЛЕЖУВААТ 154 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

17 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА

Страница 3

РЕЗОЛУЦИЈАТА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, УСВОЕНА ОД ФУЕН, ДОСТАВЕНА ДО АЛБАНСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Страница 4

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦАТА "ИЛИНДЕН" НА ИНСТИТУЦИЈАТА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ПРОТИВ ОТВОРАЊЕ НА ПРИФАТНИ ЦЕНТРИ ЗА МИГРАНТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПУСТЕЦ

Страница 5

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ПРОТИВ ОТВОРАЊЕ МИГРАНТСКИ ЦЕНТРИ ВО ОПШТИНА ПУСТЕЦ ОБЛАСТА ПРЕСПА

Страница 6

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЗА 2025 ГОДИНА

Страница 8

ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ПРВАТА РАЗГЛЕДНИЦА СО НАРОДНИ НОСИИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА СО ПОВИК ДО МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ДА СЕ САМОИЗЈАСНАТ ЗА МАКЕДОНЦИ

Страница 9

СТЕРЈОВСКИ: ВО ЖЕНЕВА НА ФОРУМОТ ЗА МАЛЦИНСТВАТА ПРИ ОН СЕ СЛУШНА ГЛАСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА СО ГОРДОСТ И НЕПОКОЛЕБЛИВОСТ

Страница 10

СИЛНА ПОДДРШКА ЗА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА НА ЕВРОПСКО НИВО


Македонски весник „Илинден“

СЛЕДЕТЕ НÈ

## 17 години Македонско друштво “Илинден”-Тирана

## 17 vjet shoqata maqedonase “Ilinden”-Tiranë

## 17 years of the Macedonian association “Ilinden”-Tirana



## СЕ ОДБЕЛЕЖУВААТ 154 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Македонскиот револуционер Гоце Делчев е роден на 4 февруари1872 во Кукуш, Егејска Македонија идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно национално ослободително движење во крајот на XIX и почетокот на XX век.

Бил рожба на својата епоха, кој го изразувал стремежот на македонскиот народ за ослободување од отоманското ропство. Загина во предвечерието на Илинденското востание на 4 мај 1903 година во селото Баница, Серско во борби со османлиската војска која го опколила селото.

Посмртните останки на Гоце Делчев на 11 октомври 1946 година се пренесени во Скопје, Македонија во црквата Свети Спас каде и денес се наоѓаат.

## 17 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА



На 6 февруари 2009 година беше формирано Македонското друштво "Илинден"-Тирана, а оваа година се навршуваат 17 години од неговото постоење и работа. Македонско друштво "Илинден"-Тирана е регистрирано во Основниот суд во Тирана, а со цел заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски, историски и државен идентитет на македонско национално малцинство во Република Албанија.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана во овие 17 години им посвети посебно внимание на Македонците во областите Голо Брдо, Преспа, Гора и Врник, но не беа незабележани и активностите на Македонците кои живеат и работат во поголемите градови низ Албанија.

Од особено значење за работата и информирањето за активностите на Македонското друштво "Илинден"-Тирана е објавувањето на македонски весникот "Илинден" кој покрај печатеното има и електронско издание.

Првиот број на македонски весник "Илинден" излезе од печат во март 2011 година во Тирана и е единствен весник на Македонците во Република Албанија, што излегува и во печатена и електронска верзија. Македонскиот весник "Илинден"е стандардизиран според меѓународните норми со ISSN 2522-6282. Македонски весник "Илинден" е дел од четири агрегатори на вести time.mk , grid.mk , daily.mk и vesti.mk . Македонски весник "Илинден" е член на платформата Алијанса за етички медиуми (АЕМ) каде членуваат 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Република Албанија.

Долгогодишната присутност на Македонското друштво "Илинден"-Тирана во Федералната унија на европските националности и други меѓународни организации ја покажа потребата од назначување на Меѓународен кординатор на Македонско друштво "Илинден"- Тирана што беше реализирано во 2023 година.

Претседателот на Македонското друштво "Илинден"-Тирана и неговите членови во периодот од 17 години оствариja бројни средби со многу државни институции во извршната и локална власт во албанската држава, како и во Македонија. Друштвото, својата соработка ја прошири со невладиниот сектор, во земјата и странство.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана е член на Федералната унија на европските националности од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН. Како активен партиципиент во ФЕУН, членови на Друштвото досега учествува во сите конгреси и поднесува резолуци, кои се прифатени од телета на ФУЕН. Тоа придонесува Македонското друштво "Илинден"-Тирана како рамноправен член да биде силен глас на македонското национално малцинство во Федералната унија на европските националности.

Во 2026 година година, Македонското друштво "Илинден"-Тирана ќе биде организатор и домаќин на семинарот на Работната група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната унија на европските националности. Ова е како активност што се одржува секоја година во различен регион со словенско малцинство во Европа. Фактот што ваква активност се спроведува за прв пат во Република Албанија,

претставува голема чест и секако признание за активноста на Македонското друштво "Илинден" и историска за Македонците во Република Албанија.

Во изминатите 17 години претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и неговите соработници, имаа можност да остварат бројни работни и официјални посети, да се сретнат и да соработуваат со владини институции, како во Република Албанија, така и во матичната држава Република Македонија, исто како и со меѓународни организации.

При сите реализирани средби со претставниците на државните институции во Република Албанија, во матичната држава Република Македонија и европските институции ја користеа секоја прилика да разменат мислења за важни прашања за унапредувањето на положбата и правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Иако не секогаш наоѓаат заедничко или задоволително решение за одреден проблем, сепак должна благодарност искажуваме на сите државни институции во Република Албанија, и во матичната држава Република Македонија.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана останува посветено на борбата за правата на македонско национално малцинство во Република Албанија, за унапредување на положбата на Македонците врз основниот принцип на меѓународното право на еднаква сувереност.

Во чест на 17 години од постоењето на Македонското друштво "Илинден"-Тирана ги повикуваме сите државни институции, како и сите политички партии и невладиниот сектор во Република Албанија и во матичната држава Република Македонија да дадат поддршка на Македонците во Република Албанија, да даваат поддршка во контунитет за решавање на проблемите со кои што се сочуваат, а пред сè да се спречи агресивната асимилацијата на македонското население во Албанија практикувана од Бугарија.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги повикува институциите во Република Албанија да преземат конкретни мерки за заштита на македонскиот идентитет и македонското културно наследство.

Посебна благодарност упатаме до сите што помогнале на Македонско друштвото "Илинден"-Тирана во овие 17 години.

Да се множат годините на успешна работа на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, а за неговите постигнувања оставаме повеќе да каже историјата.

Македонците во Република Албанија и Албанците во Република Македонија се мостови на братство и пријателство меѓу двата народа и двете држави.

Да се вечни Македонците во Република Албанија! Да живее албанското – македонско пријателство!

Со почит,
Никола Ѓурѓај
Претседател на Македонското друштво "Илинден"- Тирана

## РЕЗОЛУЦИЈАТА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, УСВОЕНА ОД ФУЕН, ДОСТАВЕНА ДО АЛБАНСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ






Поднесената од Македонско друштво "Илинден"-Тирана, Резолуција која беше усвоена од Федералната унија на европските националности е доставена до сите албански и меѓународни институции, а заради запознавање и до македонските.

Ова за македонскиот весник "Илинден" го потврди Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото, додавајќи дека очекува албанските институции да преземат соодветни активности. Воедно ја подвлече потребата за Резолуцијата сериозно внимание да посветат и меѓународните институции.

Со Резолуција, од име на Македонско друштвото "Илинден" -Тирана и македонско национално малцинство во Република Албанија, ФУЕН ја повикува Република Албанија, Комитетот за малцинства, кој е владин орган, да се трансформира во Министерство за национални малцинства. Исто така ја повикува албанската Влада да ја ратификува европската карта за регионалните малцински јазици, изјави, Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

Резолуцијата едногласно беше усвоена на Генералното собрание на Федералната унија на европските националности (ФУЕН), на 69 – конгрес во Болзано, Јужен Тирол, Италија, на кој учествува претставници од 105 организации-членки од 36 земји во Европа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, НИКОЛАЃУРЃАЈ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦАТА “ИЛИНДЕН“ НА ИНСТИТУЦИЈАТА НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ



Претседателот на македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај, му ја врачи Благодарницата “Илинден“ на институцијата Народен правобранител на Република Албанија.

Благодарницата “Илинден“ за 2025 година ѝ беше доделена на институцијата Народен правобранител на Република Албанија за заложбите и поддршката што ги дава за Македонците во Република Албанија, како и за поддршката на Македонското друштво “Илинден“-Тирана.

На средбата беа присутни Народниот правобранител Ендрит Шабани, генералниот секретар на Народниот правобранител, г-дин Фатбард Зенелај и г-ѓа Вилма Шурда, комесар на генералниот оддел.

По тој повод претседателот на Друштвото изјави: „Го запознав Народниот правобранител со работата и моменталните активности на Друштвото, посебен акцент во разговорот беше ставен на клучните прашања за Македонците во Република Албанија. Искажувам срдечна благодарност до Народниот правобранител за неговата безрезервна поддршка и охрабрувачките зборови, кои нѝ даваат сила и мотивација да продолжиме со нашата борба за зачувување на македонскиот јазик, идентитет и култура“.

## МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ПРОТИВ ОТВОРАЊЕ НА ПРИФАТНИ ЦЕНТРИ ЗА МИГРАНТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПУСТЕЦ



Македонската заедница од Општина Пустец, преку партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) ја изразува длабоката загриженост и силното противење во врска со одлуката на албанската Влада за отворање три прифатни центри за мигранти на територијата на оваа Општина, поточно во административната единица Зрноско и на спортските игралишта во Пустец и во селото Долна Горица.

Оваа одлука произлегува од нормативниот акт „За одобрување на Националниот план за контингенција за мешани миграциски текови 2026–2028 година“, објавен во Службен весник, според кој, во случај на криза, за управување со миграциските текови е предвидено формирање на 20 прифатни центри за мигранти на територијата на Албанија во текот на следните две години. Овие центри се планирани за мигранти од Авганистан, Пакистан, Иран, Сирија, Либан и Газа, кои ја користат Албанија како транзитна земја кон Европската Унија- рече на средба со новинарите во Корча, Васил Стерјовски, лидер на Партијата, на која присуствуваше и Атанас Плоча, заменик градоначалник на Општина Пустец.

МАЕИ и Македонците во оваа Општина го осудуваат фактот дека оваа одлука е донесена без никакви јавни консултации со жителите на македонската заедница во општина Пустец, без вклучување на локалната самоуправа и без дијалог со локалните лица, со што сериозно се кршат принципите на локалната самоуправа, транспарентноста и партиципативната демократија.

„Нагласуваме дека сите три области предвидени за изградба на прифатни центри се наоѓаат на брегот на Преспанското Езеро, додека целата територија на Општина Пустец е дел од Националниот парк Преспа, заштитено подрачје од особено еколошко, културно и туристичко значење. Понатаму, Општина Пустец е прогласена за туристичко подрачје, додека селото Зрноско е вклучено од самата албанска влада во програмата од 100 туристички села“- рече Стерјовски.

Додаде дека Македонците во Преспа не бараат прифатни центри за мигранти, туку конкретни инвестиции во инфраструктура, туризам, земјоделство и одржлив развој, со цел Преспа да се трансформира во вистинска туристичка дестинација и да се запре процесот на депопулација на областа.

Оценуваат дека отворањето на овие центри, во комбинација со целосниот недостаток на државни инвестиции, ризикува дополнително продлабочување на емиграцијата на жителите на општина Пустец од нивното родно место, сериозно загрозувајќи го постоењето и континуитетот на македонската заедница во оваа област.

Во име на Македонците, МАЕИ бара од Албанската влада итно отстранување на Општина Пустец од мапата предвидена за формирање прифатни центри за мигранти, Планирање и спроведување на конкретни инвестиции во инфраструктурата и локалниот развој, земајќи го предвид фактот дека областа на Преспа е запоставена од сите влади во последните 35 години, нагласи Стерјовски.

Според него, одлуката претставува директно кршење на член 16 од Законот бр. 96/2017 „За заштита на националните малцинства во Република Албанија“ кој строго забранува преземање државни мерки што го менуваат или имаат за цел да го променат демографскиот состав на единиците на локалната самоуправа населени со национални малцинства.

Поставувањето прифатни центри за мигранти во општина со автохтоно македонско население претставува демографска интервенција со долгорочни последици, која сериозно го загрозува опстанокот, идентитетот и одржливоста на оваа заедница, а истовремено ќе има негативно влијание врз развојот на туризмот во регионот на Преспа, рече тој.

Најави дека МАЕИ ќе ги искористи сите законски и институционални патишта за заштита на правата на Македонската заедница во Општина Пустец и ги повикува државните институции да го почитуваат законот, животната средина, идентитетот и волјата на автохтоните жители на Преспа.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПРОТИВ ОТВОРАЊЕ МИГРАНТСКИ ЦЕНТРИ ВО ОПШТИНА ПУСТЕЦ ОБЛАСТА ПРЕСПА



Македонското друштво “Илинден“-Тирана од Владата на Албанија бара итно повлекување на одлуката за отворање на три прифатни центри за мигранти на територијата на Општина Пустец, во областа Преспа, и тоа: во селото Зрноско, на спортските игралишта во Пустец и во селото Долна Горица.

Оваа одлука произлегува од нормативниот акт „За одобрување на Националниот план за контингенција за мешани миграциски текови 2026–2028 година“, објавен во Службен весник, според кој, во случај на криза, за управување со миграциските текови е предвидено формирање на 20 прифатни центри за мигранти на територијата на Република Албанија во текот на следните две години.

Овие центри се планирани за мигранти од Авганистан, Пакистан, Иран, Сирија, Либан и Газа, кои ја користат Република Албанија како транзитна земја кон Европската Унија.

Македонско друштво “Илинден”-Тирана дава целосна подршка на барањето на Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) за стопирање на отворањето на трите прифатни центри за мигранти на територијата на општина Пустец.

Македонско друштво “Илинден”-Тирана го осудуваат фактот дека оваа одлука е донесена без никакви јавни консултации со македонската заедница во општина Пустец, без дијалог со локалните актери, со што сериозно се кршат принципите на локалната самоуправа, транспарентноста и партиципативната демократија.

Нагласуваме дека изградба на прифатни центри се наоѓаат на брегот на Преспанското Езеро, додека целата територија на Општина Пустец е дел од Националниот парк Преспа, заштитено подрачје од особено еколошко, културно и туристичко значење.

Општина Пустец е прогласена за туристичко подрачје, додека селото Зрноско е вклучено од самата албанска влада во програмата од 100 туристички села.

Македонците во Преспа не бараат прифатни центри за мигранти, туку конкретни инвестиции во инфраструктура, туризам, земјоделство и одржлив развој, со цел Преспа да се трансформира во вистинска туристичка дестинација и да се запре процесот на депопулација на областа.

Македонско друштво “Илинден”-Тирана бара од Владата на Албанија итно отстранување на Општина Пустец од мапата предвидена за формирање прифатни центри за мигранти, Планирање и спроведување на конкретни инвестиции во инфраструктурата и локалниот развој, земајќи го предвид фактот дека областа на Преспа е запоставена во последните 35 години.

Одлуката претставува директно кршење на член 16 од Законот бр. 96/2017 „За заштита на националните малцинства во Република Албанија“, кој строго забранува преземање државни мерки што го менуваат или имаат за цел да го променат демографскиот состав на единиците на локалната самоуправа населени со национални малцинства.

Поставувањето прифатни центри за мигранти во општина Пустец со автохтоно македонско население претставува демографска интервенција со долгорочни последици, која сериозно го загрозува опстанокот, идентитетот и одржливоста на оваа заедница, а истовремено ќе има негативно влијание врз развојот на туризмот во областа Преспа.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЗА 2025 ГОДИНА




Македонското друштво "Илинден"-Тирана е формирано на 6 февруари 2009 година во Тирана со цел заштита и унапредување на правата на Македонците во Република Албанија. Од 16 мај 2015 година, друштвото е членка на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и активно учествува во Работната група на словенските малцинства (АГСМ).

Во текот на 2025 година, Македонското друштво "Илинден"-Тирана реализираше значаен број активности од културен, верски, политички и општествен карактер.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана ја зацврсти својата позиција како водечки претставник и глас на Македонците во Република Албанија со својата етаблираност на државно и европско ниво, придонесе кон зголемена видливост на македонското прашање во јавниот и медиумскиот простор и активно работеше на зачувување на македонскиот јазик, култура и идентитет

И покрај бројните предизвици и ограничени финансиски средства, Македонско друштво "Илинден"-Тирана, ја продолжи работа на национално, регионално и европско ниво, ја зајакна соработката и донесе важни одлуки за иднината на Македонците во Република Албанија.

Преку континуирани активности и јасна програмска определба, Друштвото ја зацврсти својата улога како релевантен и препознатлив претставник на Македонците во Република Албанија.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана и во 2026 година, останува целосно посветено на својата мисија и со јасна визија продолжува со својата работа со реализирање на своите стратешки цели, дејствувајќи како силен и одговорен глас на Македонците во Република Албанија.

**Реализирани средби во 2025 година**

**9 мај 2025** – Средба со Горан Ангелов, директор на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија.

**10 мај 2025** – Работна средба со Димитар Манчев шеф на кабинает на Заменик претседател на Владата и министер за транспорт на Република Македонија.

**10 мај 2025** – Средба со Стефан Волкановски, Државен Секретар во министерство за транспорт на Република Македонија.

**10 мај 2025** – Работна средба со Боро Мирчески, началник за дијаспора при Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Македонија.

**17 јуни 2025** – Средба со Гордана Сиљановска Давкова, Претседателка на Република Македонија.

**4 август 2025** – Средба со в.д. амбасадор Љуфтим Спахиу во Македонската амбасада во Тирана.

**5 август 2025** – Средба со Емилија Попивода, директорка на Македонскиот културно-информативен центар во Тирана.

**9 август 2025** – Претседателот на македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај оствари средба со Борче Јовчески, градоначалник на општина Прилеп

**14 август 2025** – Претседателот на македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај во посета на Бигорскиот манастир.

**17 септември 2025** – Координаторката на Македонското друштво "Илинден"-Тирана за Округот Елбасан, Сабина Целили на средба во Македонска амбасада во Тирана со Заменик министерот за надворешни работи и надворешна трговија на Република Македонија, Зоран Димитровски.

**31 октомври 2025** – Работна средба со Јовица Никчевски, директор на НУБ "Св. Климент Охридски"-Скопје.

**Меѓународни активности**

**09 март 2025** – Координаторката на Македонско друштво "Илинден"-Тирана за Округот Елбасан, Сабина

Целили и проф.д-р Катерина Тодороска, учествуваа на конференција на Федералната унија на европски националности (ФУЕН) за Западен Балкан, одржана во Скопје, Република Македонија.

**23–25 октомври 2025** – Претседателот на македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај учествуваше на 69. Конгрес на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) во Болзано, Италија.

**24 октомври 2025** – Македонско друштво “Илинден“-Тирана на 69. Конгрес на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) во Болзано, Италија со сопствен штанд со македонска домашна ракија, ајвар, лепче, потоа пропаганден материјал на кој се претставени македонските носии, убавините на областите каде што живеат Македонците, како и примероци од весникот “Илинден“.

**24 октомври 2025** – Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во рамките на ФУЕН конгресот во Болзано во Јужен Тирол, Италија учествуваше на работен состанок на работна група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

**20–23 ноември 2025** – Учество на 28-от семинар на Работната група на словенските малцинства (АГСМ) во Горица, Италија

**23 ноември 2025** – Одлука Македонското друштво “Илинден“- Тирана, во 2026 год. да биде домаќин на семинарот на работната група на словенските малцинства во Европа при Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

**Македонски весник “Илинден“**

Годината 2025 претставува значаен период за Македонскиот весник „Илинден“, кој бележи зголемена видливост и континуиран интерес од страна на читателската публика. Весникот сè појасно ја зацврстува својата улога како релевантен медиумски глас на Македонците во Република Албанија, во татковината Македонија, како и меѓу македонската дијаспора ширум светот.

**4 декември 2025 година** – Со особена радост беше отпечатено јубилејното 70-то издание на македонскиот весникот “Илинден“. Овој значаен јубилеј претставува потврда за континуитетот, посветеноста и довербата што весникот ја ужива кај Македонците во Република Албанија.

**Доделување на Награда “Илинден“ и Благодарници “Илинден“**

**Награда “Илинден“**

Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) – Фленсбург, Германија

**Благодарници “Илинден“**

Г-дин Љуфтим Спахиу – Вршител на должноста македонски амбасадор во Тирана, Република Албанија, Народен правобранител – Тирана, Република Албанија, Г-ѓа Елса Целили – Координатор на Македонското друштво “Илинден”-Тирана за Округот Елбасан од 2021 и 2024 година и активист на Македонското национално малцинство во Република Албанија, Г-дин Бил Николов – Претседател на Македонското меѓународно движење за човекови права (ММДЧП) – Канада, Г-дин Ратко Лазарески – Директор на весникот Нова Македонија, Скопје, Република Македонија.

**09 мај 2025** – Претседателот на македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај во просториите на весникот “Нова Македонија” лично ја предаде Благодарницата “Илинден” на г-дин Ратко Лазарески, Директор на весникот “Нова Македонија”.

**24 јули 2025** – Претседателот на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај лично ја предаде Благодарницата “Илинден” на истакнатиот македонски активист проф. д-р Кимет Фетаху.

**25 октомври 2025** – Претседателот на македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај лично ја предаде Благодарницата “Илинден” на Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

**Предизвици во 2025 година**

Македонско друштво “Илинден“-Тирана во 2025 година, се соочи со сериозни финансиски ограничувања.

Комитетот за национални малцинства во Тирана го одби поднесениот проект од Македонското друштво „Илинден“ – Тирана. Поради оваа одлука не се реализираа планираните активности за 2025 година насочени кон зачувување и унапредување на македонскиот национален, културен и јазичен идентитет во Република Албанија.

Недостатокот на институционална поддршка негативно се одрази врз можностите за организирање културни настани, едукативни програми и други иницијативи од значење за Македонците во Република Албанија. И покрај овие предизвици, Друштвото продолжи со својата работа, потпирајќи се на ентузијазмот и посветеноста.

ВЕСНИК ИЛИНДЕН

## ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ПРВАТА РАЗГЛЕДНИЦА СО НАРОДНИ НОСИИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА

Излезе од печат првата разгледница „Народни носии на македонското национално малцинство во Република Албанија“,има 12 фотографии од традиционалните македонски носии од Голо Брдо, Преспа, Гора, Врбник – Билишта, селата Крчишта и Ербеле – Поле – Маќелара, која е авторско дело на Никола Ѓурѓај, инаку претседател на македонското друштво “Илинден“-Тирана и уредник на Македонски весник “Илинден”.



Ова издание е отпечатено со финансиска поддршка на семејство Ѓурѓај. Разгледницата со народни носии на македонско малцинство во Република Албанија, ќе се дели низ Република Албанија и претставува значаен придонес за зачувување на македонското културно наследство на македонците во Република Албанија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО ПОВИК ДО МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ДА СЕ САМОИЗЈАСНАТ ЗА МАКЕДОНЦИ




**Драги сограѓани Македонци во Република Албанија,**

Македонско друштво “Илинден“-Тирана се обраќа со овој отворен и искрен повик, во момент од особено значење за афирмацијата на нашиот идентитет, достоинство и права како автохтона македонска заедница во Албанија.

Врз основа на Законот бр. 96/2017 „За заштита на националните малцинства во Република Албанија“ и Одлуката на Советот на министри „За утврдување на критериумите, документацијата и постапките за собирање на податоци за идентификација на лицата кои припаѓаат на националните малцинства“, секој граѓанин има неотуѓиво право слободно да се самоидентификува, без притисок и без страв, како припадник на официјално признаено национално малцинство.

Овој процес претставува значаен чекор кон:

• зачувување и зајакнување на македонскиот национален, јазичен и културен идентитет;

• унапредување на институционалната застапеност на македонската заедница;

• креирање на поправедни државни политики, прилагодени на реалните потреби на националните малцинства;

• гарантирање поддршка и одржлив развој на нашата заедница.



Drejtuar Komisionit pranë Ministrisë së Brendshme

FORMULAR I VETIDENTIFIKIMIT
TË INDIVIDIT, SHTETASIT SHQIPTAR QË PRETENDON SE I PËRKET NJË PAKICE KOMBËTARE

(emër, mbiemër)

(emri i babait)

(emri i nënës)

(data e lindjes)

(vendi i lindjes)



(A keni kryer ndryshime të emrit ose mbiemrit?)

(karakteristika dalluese kulturore, etnike, gjuhësore, fetare ose tradicionale, sipas nenit 3, të ligjit nr. 96/2017, "Për mbrojtjen e pakicave kombëtare në Republikën e Shqipërisë")

(nënshkrimi)

Македонско друштво “Илинден“-Тирана упатува повик до сите Македонци во Република Албанија без двоумење да се самоизјаснат, со пополнување на соодветните формулари за самоидентификација и нивно доставување по пошта до Комисијата формирана при Министерството за внатрешни работи, согласно утврдените постапки.

Сакаме јасно да нагласиме дека:

• процесот се темели на принципот на слободно самоидентификување;

• личните податоци се заштитени во целосна согласност со законодавството за заштита на приватноста;

• не постои никаков ризик ниту негативна последица за граѓаните кои ја изјавуваат својата национална припадност.

Самоизјаснувањето не е само законско право, туку и чин на граѓанска и национална одговорност, кој го зајакнува нашиот колективен глас и ја обезбедува иднината на идните генерации.

Заедно, со храброст, свест и доверба, да придонесеме во изградбата на пофер, поинклузивно и подемократско општество, во кое македонскиот идентитет во Република Албанија се почитува, признава и поддржува.

## СТЕРЈОВСКИ: ВО ЖЕНЕВА НА ФОРУМОТ ЗА МАЛЦИНСТВАТА ПРИ ОН СЕ СЛУШНА ГЛАСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА СО ГОРДОСТ И НЕПОКОЛЕБЛИВОСТ



Лидерот на единствената македонска партија во Албанија, Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ), Васил Стерјовски, денеска во Женева учествуваше на Форумот за малцинствата при Обединетите нации, со која претседаваше Николас, специјален известувач на ОН за малцински прашања.

Во Обединетите Нации, се слушна гласот на Македонците од Албанија со гордост и непоколебливост. За мене, го кажав тоа и пред учесниците, беше посебна чест да учествувам на овој Форум и да имам можност да ја презентирам состојбата на нашата заедница, која отсекогаш била мирољубива, конструктивна и лојална на албанската држава и придонела во секој сектор на албанското општество, изјави Стерјовски.

Додава дека во обраќањето презентирал дека македонската заедница во Албанија е автохтоно население, кое традиционално живее по границата со Република Македонија – во Преспа, Голо Брдо, Гора, Поле и Врбник, како и во поголемите градови низ целата земја.

Официјално сме признати како малцинство само во регионот на Преспа и македонскиот јазик се изучува исклучиво таму. Една од нашите главни грижи е неможноста за пристап до образование на мајчин јазик низ цела Албанија, каде што има побарувачка и демографска основа, што е суштинско право за заштита на малцинствата. Дополнително, Македонците остануваат недоволно застапени во јавните институции, вклучително и локалната администрација и секторот за јавни услуги, рекол тој.

Посочил дека друга сериозна загриженост е недостигот на државни инвестиции во регионите населени со Македонци, особено во инфраструктурата како што се патишта, водоснабдување, канализациски системи, здравствени услуги и стабилно снабдување со електрична енергија. Овие услови, констатирал, принудуваат многу Македонци да ги напуштат своите домови и да мигрираат во или надвор од земјата во потрага по подобри услови за живот.

Во Албанија не постојат законски загарантирани парламентарни квоти за малцинствата, што е воспоставен стандард во неколку европски држави. Друга празнина е отсуството на редовна програма на македонски јазик на албанската државна телевизија, што е од витално значење за зачувување на јазикот, културното и информативното учество во општеството. Зачувувањето на македонскиот идентитет бара систематска државна поддршка преку финансирање на културни активности, медиуми и организации што го претставуваат нашето малцинство, навел Стерјовски во обраќањето.

Исто така, додал, дека е итно албанската влада да обезбеди наменски буџет за развој за регионите каде што живеат Македонци, зашто повеќе од 35 години, овие области остануваат економски маргинализирани, спречувајќи рамномерен социјален и економски развој.

Во последниве години, нашата заедница се соочи и со политички притисок од Бугарија, која, користејќи ја својата позиција во рамките на Европската Унија, се обидува да ги асимилира Македонците во Албанија. Ова вклучуваше политички условувања поврзани со патот на Албанија кон ЕУ. Во 2017 година, Албанија призна непостоечко бугарско малцинство без да исполни никакви законски критериуми, под директен притисок поврзан со закани за одложување на преговорите со ЕУ.

За време на пописот во 2023 година, албанските институции не успеаја да гарантираат слободен и непристрасен процес на самоидентификација на Македонците, додека на бугарските власти им беше

дозволено да влијаат на пописот во областите каде што живеат Македонци, со цел да манипулираат со демографските податоци, нагласил Стерјовски.

Според него директно од од специјалниот известувачот, Леврат побарал поддршка во промовирањето на целосен пристап до образование на македонски јазик, секаде каде штосе бара, фер политичка застапеност и законски квоти, програми на јавни медиуми на македонски јазик, економски развој на регионите населени со Македонци и заштита од надворешно политичко мешање во нашиот идентитет.

Нашата цел не е конфронтација, туку еднакви права, достоинство и вистинска заштита на малцинствата во согласност со меѓународните стандарди. Гоема почит завашето внимание и за работата што ја работите за заштита на малцинските заедници низ целиот свет, посочил тој.

На крајот од говорот Стерјовски го поканил Леврат да дојде во посета во Албанија и одблиску да се запознае со положбата на македонското малцинство.

## СИЛНА ПОДДРШКА ЗА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА НА ЕВРОПСКО НИВО



ФУЕН ја усвои резолуцијата на Македонците во Албанија – порака до Европа за заштита на малцинствата

Резолуцијата поднесена од македонското друштво „Илинден"-Тирана беше едногласно усвоена на генералното собрание на Федералната унија на европските националности (ФУЕН), одржано на 69-от конгрес во Болзано, Италија. Резолуцијата не е само декларативен акт – таа е официјален документ усвоен од најголемата европска организација за национални малцинства, која обединува 105 организации од 36 земји.

И таа содржи конкретни барањ Македонското национално малцинство во Албанија доби силна поддршка на европско ниво. Резолуцијата поднесена од македонското друштво „Илинден"-Тирана беше едногласно усвоена на генералното собрание на Федералната унија на европските националности (ФУЕН), одржано на 69-от конгрес во Болзано, Италија. Документот веќе е доставен до сите релевантни албански и меѓународни институции, а заради информирање и до македонските.

Резолуцијата не е само декларативен акт – таа е официјален документ усвоен од најголемата европска организација за национални малцинства, која обединува 105 организации од 36 земји. И таа содржи конкретни барања: ФУЕН ја повикува Република Албанија да го трансформира постојниот Комитет за малцинства во Министерство за национални малцинства – чекор што би значел институционално зајакнување и поголема видливост на малцинските заедници.

Таа претставува европска рамка: Резолуцијата бара Албанија да ја ратификува Европската повелба за регионални и малцински јазици, што би обезбедило правна заштита и развој на македонскиот јазик во земјата. Четврто, сигнал кон меѓународната заедница: Со доставувањето до меѓународните институции, резолуцијата станува дел од поширок европски дискурс за правата на малцинствата, а не само локално прашање.

Очекуваме албанските институции да преземат соодветни активности, а меѓународните да посветат особено внимание – изјави Никола Ѓурѓај, претседател на македонското друштво „Илинден"-Тирана.

Со оваа иницијатива, македонското малцинство во Албанија не само што го афирмира своето постоење туку и ја засилува борбата за еднакви права, институционална заштита и културна афирмација. Усвојувањето на резолуцијата во Болзано е јасен сигнал дека прашањето за малцинствата е европско прашање. Поддршката од ФУЕН ја става Албанија пред нова обврска – да покаже дека е подготвена да ги усогласи своите политики со европските стандарди.

Пораки од 28-от Семинар на словенските малцинства во Европа (ССМЕ) во Горица/Нова Горица

Малцинствата како темел на европската иднина

Од граница на поделби до лабораторија на мирот: 28-от Семинар на словенските малцинства во Горица/Нова Горица ја претвори историјата на болка и разделби во симбол на солидарност, културна дипломатија

и европска борба за правата на заедниците – потврдувајќи дека прекуграничната соработка, зачувувањето на идентитетот и зајакнувањето на демократската застапеност се клучни темели за иднината на Европа

Границата што некогаш ги делеше семејствата и создаваше тишина околу правата на малцинствата, денес стана симбол на средби, дијалог и надеж. Во духот на Европската престолнина на културата (ГО!2025), прекуграничните градови близнаци Горица и Нова Горица беа домаќини на 28-от Семинар на словенските малцинства во Европа (ССМЕ), одржан од 20 до 23 ноември. Организатор на настанот беше Федералната унија на европски националности (ФУЕН), во соработка со словенечките организации. Над 30 претставници од различни европски земји се собраа за да ја потврдат својата солидарност и да ја нагласат потребата од нова енергија во борбата за малцински права. Отворајќи го семинарот, потпретседателот на ФУЕН и претседател на ССМЕ, д-р Хартмут С. Лајпнер, ја истакна симболичната тежина на локацијата за семинарот.

Горица/Нова Горица ни покажува што навистина можат да значат малцинските права и прекуграничната соработка. Оваа заедница ја претвори тешката историја во надежна иднина – рече Хартмут С. Лајпнер.

Но Лајпнер предупреди дека европската сцена останува загрижувачки тивка. Тој го спореди локалниот успех со стагнацијата на европско ниво, потсетувајќи на отфрлениот „Малцински безбедносен пакет“ и проблемот со дигиталното геоблокирање.

Малцинствата не се на агендата на Европа. Дигиталните граници нè повредуваат исто како што некогаш ни наштетуваа физичките – нагласи тој.

На свечената седница во Салата на Покраинскиот совет, градоначалникот на Горица, Родолфо Зиберна, ја нагласи потребата од конкретни политички чекори: „следниот логичен чекор е загарантирано место за словенечкото малцинство во италијанскиот парламент. Малцинствата заслужуваат такви заштитни мерки“. Сенаторката ТатјанаРојц потсети на симболичното враќање на Народниот дом во Трст како чин на етичка почит, но предупреди дека застапеноста е загрозена.

–Со намалувањето на бројот на парламентарци, регионот Фриули Венеција Џулија изгуби 40 отсто од своите претставници. Затоа мора да се регулира застапеноста со закон – рече ТатјанаРојц.

Весна Хумар, државна секретарка на Словенија, ја нагласи посветеноста на матичната држава кон своите иселеници, нагласувајќи дека Словенија има министер за повеќе од половина милион Словенци во дијаспората – реткост во Европа.

Нашата задача е не само да ги зачуваме правата туку и да ги надградуваме – рече Хумар.Во текот на тридневната програма, учесниците дебатираа за образованието, медиумите и економијата на словенечкото малцинство во Италија. Посети беа организирани во Словенечкиот средношколски центар во Горица, како и во селото Штеверјан, каде што учесниците се сретнаа со градоначалникот Марјан Друфовка и културното здружение „Боришки Грич“. Д.Ст.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај
Лектура: Естела Карамешиноска
Компјутерска обработка: Анита Милевска
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

Македонска народна носија
Големо Острени - Голо Брдо



Veshje popullore maqedonase
Ostren i Madh - Gollobordë